# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

10 Ноември 2017
Скопје
Број 10, година XII
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Ноември, 2017 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Решение за избор на претседател и
членови на Верификационата комисија
на Советот на општина Кисела Вода

1.Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на општина Кисела Вода, донесено на Првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8.11.2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7513/1
10.11.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 34 став 1 точка 34 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје„ бр.8/05 и „Службен гласник на општина Кисела Вода„ бр.13/06), Советот на општина Кисела Вода на Првата конститутивна седница, одржана на 8 ноември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за избор на претседател и членови на Верификационата комисија
на Советот на општина Кисела Вода

1. За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на општина Кисела Вода се избираат:

за претседател Марина Чорбеска

за членови:
-Стамат Стаматовски
-Јасна Саздовска
-Нестор Павловски
-Вера Жупан

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-7370/3
8 ноември 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
Советот на Општина Кисела Вода
Драги Јовевски с.р.

# И З В Е Ш Т А Ј
## на Верификациона комисија

Верификационата комисија во состав: претседател Чорбеска Марина и членовите: Стаматовски Стамат, Саздовска Јасна, Павловски Нестор и Жупан Вера ги разгледаа Уверенијата за избор од Општинската изборна комисија и личните карти на избраните советници на Општина Кисела Вода на локалните избори 2017 година и едногласно констатира дека податоците во издадените уверенија и личните карти се во ред и одговараат, и му предлага на Советот да го верифицира мандатот на:

**1. АЦЕВА БОЈАНА**
**2. АЦЕВСКИ ЗОРАН**
**3. БОШКОВСКА ВЕСНА**
**4. ГЕОРГИЕВСКИ ЗОРАН**
**5.ЃОРЃИЕВ АЛЕКСАНДАР**
**6. ЃОРЃИЕВСКИ ОРЦЕ**
**7. ЖУПАН ВЕРА**
**8. ЈОВЕВСКИ ДРАГИ**
**9. КОСТАДИНОВА ДАНИЕЛА**
**10. КОСТАДИНОВСКИ ТОДОР**
**11. МИТЕВ ВЛАДИМИР**
**12. МИТРОВСКИ ИВАН**
**13. ОЏАКЛИЕСКА ХРИСТИНА**
**14. ПАВЛОВСКИ НЕСТОР**
**15. ПЕТКОВСКА ВЕСНА**
**16. САЗДОВСКА ЈАСНА**
**17. СТАМАТОВСКИ СТАМАТ**
**18. ТРАЈАНОВСКИ СПАСОВСКА НАДИЦА**
**19. ТРАЈКОВСКА ЕМИЛИЈА**
**20. ТРПЕСКИ СЛАВЧЕ**
**21. ФИЛИПОВСКИ ДАРКО**
**22. ЧОРБЕСКА МАРИНА**
**23. ШИМИЌ ДАРИО**

На избраните советници им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Број 09-7370/3/2
8 ноември 2017 година
С к о п ј е

Претседател
на Верификационата комисија
Чорбеска Марина с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Кисела Вода

1. Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Кисела Вода, донесено на Првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8.11.2017 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-7513/2
10.11.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 34 став 1 точка 34 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје„ бр.8/05 и „Службен гласник на општина Кисела Вода„ бр.13/06), Советот на општина Кисела Вода на Првата конститутивна седница, одржана на 8 ноември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за избор на претседател и членови на Комисијата
за мандатни прашања, избори и именувања
на Советот на општина Кисела Вода

1.За претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Кисела Вода се избираат:

за претседател Зоран Георгиевски

за членови:

- Бојана Ацева
- Весна Петковска
- Дарко Филиповски
- Славче Трпески
- Драги Јовевски
- Надица Спасовска Трајановски

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувaето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-7370/4
8 ноември 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на општина Кисела Вода
Драги Јовевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06(, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Решението за избор на претседател
на Советот на општина Кисела Вода

1.Се објавува Решението за избор на претседател на Советот на општина Кисела Вода, донесено на Првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8.11. 2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7513/3
10.11.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 34 став 1 точка 33 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје„ бр.8/05 и „Службен гласник на општина Кисела Вода„ бр.13/06), Советот на општина Кисела Вода на Првата конститутивна седница, одржана на 8 ноември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за избор на претседател на Советот на општина Кисела Вода

1.За претседател на Советот на општина Кисела Вода се избира Дарио Шимиќ.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-7370/5<br>8 ноември 2017 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>на Советот на Општина Кисела Вода<br>Драги Јовевски с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр. 13-269 од 30.10.2017 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавна објава**

1. Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава уп. бр. 13–269 од 30.10.2017 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2777/3 КО Кисела Вода 1, во Скопје, на ул. „Сава Ковачевиќ" 1 бр. 47 С, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 27.10.2017 год. со уп. бр. 13-269 е издадено Одобрение за реконструкција со пренамена на подрумски простор во станбена зграда (А2), КП 2777/3 КО Кисела Вода 1, во Скопје, на ул. „Сава Ковачевиќ" 1 бр. 47 С и заверен е Основен проект за реконструкција со пренамена на подрумски простор во станбена зграда (А2), фаза архитектура, на КП 2777/3 КО Кисела Вода 1, во Скопје, на ул. „Сава Ковачевиќ" 1 бр. 47 С, од втора категорија, со техн. број 59-2017/П од јуни 2017 год. изработен од Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба ТАГОРА ДОО експорт-импорт Скопје.

2. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК**
Радмила Шоповска д.г.и.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр. 13-269 од 30.10.2017 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи за издавање на Одобрение за реконструкција со пренамена, ги известува сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2777/3 КО Кисела Вода 1, во Скопје, на ул. „Сава Ковачевиќ“ 1 бр. 47 С, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 27.10.2017 год. со уп. бр. 13-269 е издадено Одобрение за реконструкција со пренамена на подрумски простор во станбена зграда (А2), КП 2777/3 КО Кисела Вода 1, во Скопје, на ул. „Сава Ковачевиќ“ 1 бр. 47 С и заверен е Основен проект за реконструкција со пренамена на подрумски простор во станбена зграда (А2), фаза архитектура, на КП 2777/3 КО Кисела Вода 1, во Скопје, на ул. „Сава Ковачевиќ“ 1 бр. 47 С, од втора категорија, со техн. број 59-2017/П од јуни 2017 год. изработен од Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба ТАГОРА ДОО експорт-импорт Скопје.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр.144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14 бр. 115/14, бр. 149/14, бр. 187/14, бр. 44/15, бр. 129/15, бр. 217/15, бр. 226/15, бр. 30/16, бр. 31/16, бр. 39/16, бр. 71/16 и бр. 132/16 год.), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и петок од 13 -15 часот, во рок од 15 дена. Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр. 13-230 од 31.10.2017 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124 од 2015 год.) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавна објава**

1. Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава уп. бр. 13–230 од 31.10.2017 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 1185/2, КП 1190/2, КП 1188 и КП 1190/4 КО Кисела Вода 1, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 30.10.2017 год. со уп. број 13-230 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда (А2) на ул. „Божидар Аџија“ бб во Скопје, на КП 1185/2, КП 1190/2, КП 1188 и КП 1190/4 КО Кисела Вода 1, од втора категорија, ГП 4.2.1 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 10, Одлука бр. 07-18/11 од 27.5.2014 год., Службен гласник на град Скопје бр. 7/2014 год. и заверен е Основен проект за станбена зграда на ул. „Божидар Аџија“ бб во Скопје, со техн. број 05/17 од март 2017 година, изработен од Друштво за високоградба и градежно занаетчиски работи НОВИКОМ КОНСТРУКТОР ДООЕЛ извоз-увоз Скопје.

2. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК**
Радмила Шоповска д.г.и.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр. 13-230 од 31.10.2017 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи за издавање на Одобрение за градење на станбена зграда (А2) на ул. „Божидар Аџија“ бб во Скопје, ги известува и сите заинтересирани странки, дека на ден 30.10.2017 год. со уп. број 13-230 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда (А2) на ул. „Божидар Аџија“ бб во Скопје, на КП 1185/2, КП 1190/2, КП 1188 и КП 1190/4 КО Кисела Вода 1, од втора категорија, ГП 4.2.1 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 10, Одлука бр. 07-18/11 од 27.5.2014 год., Службен гласник на град Скопје бр. 7/2014 год. и заверен е Основен проект за станбена зграда на ул. „Божидар Аџија“ бб во Скопје, со техн. број 05/17 од март 2017 година, изработен од Друштво за високоградба и градежно занаетчиски работи НОВИКОМ КОНСТРУКТОР ДООЕЛ извоз-увоз Скопје.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр.144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14 бр. 115/14, бр. 149/14, бр. 187/14, бр. 44/15, бр. 129/15, бр. 217/15, бр. 226/15, бр. 30/16, бр. 31/16, бр. 39/16, бр. 71/16 и бр. 132/16 год.), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и петок од 13 -15 часот, во рок од 15 дена. Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ

С О Д Р Ж И Н А:

1. Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на општина Кисела Вода и -Извештај на Верификационата комисија;
2. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Кисела Вода;
3. Решение за избор на претседател на Советот на општина Кисела Вода;
4. Јавна објава Уп.бр. 13-269 од 30.10.2017 година;
5. Јавна објава Уп.бр. 13-230 од 31.10.2017 година;